*ДИМИТАР ДИМЕСКИ*

# ПРИДОНЕСОТ НА НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ ВО БИТОЛСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ОКРУГ (1901—1903 год.)

Во почетокот на XX век во македонското националноослободителното движење силно блеснала личноста на социјалистот Никола Петров Русински. Два крупни настани во Битолскиот округ на МРО се неразделно сврзани за името на Н. Петров Русински. Станува збор за инкорпорирањето на македонската социјалистичка група на Русински и Марков во МРО и за разгранувањето на четничкиот институт во Вториот округ на МРО.

Меѓу другите фактори, кои придонесле да се разбие повеќемесечната дилема на граѓанските елементи во Битолскиот окружен револуционерен комитет и околу него за вклучување на споменатата македонска социјалистичка група во МРО, секако влијаела и личноста на Н. Петров Русински. Како сподвижник на Г. Делчев и М. Апостолов (Попето), Русински бил вонредно интересна личност, која и покрај своето социјалистичко убедување и енергична социјалистичка агитација во Крушево и Битола, давала извесна гаранција за правилно насочување на социјалистите во нормалниот колосек на МРО. Од друга страна, неговото евидентно револуционерно минато, а посебно неговата поранешна организациона дејност, како и богатото воено искуство, не можеле да останат надвор од видокругот на Д. Груев, бидејќи токму тогаш на Битолскиот револуционерен округ му биле повеќе од кога и да е потребни кадри од масштабот на Русински. Оттаму не случајно на 3/16 март 1901 год. Н. Петров Русински бил назначен за организатор и војвода во Демирхисарско и Крушевско[1].

Импулсиран од новата должност, Н. Петров Русински е опиен со светла социјалистичка визија: „Вооружени со новото учење, со учењето за вистинска слобода, братство и еднаквост, ние сакавме да го изградиме братскиот сојуз на сите угнетени. Ние сакавме да создадеме од секое село, град, едно семејство, од секоја око-

Објавено во „Прилози", Битола, бр. 41/1984.

[1] *Никола Петровъ*, Страници отъ моя дневникъ за 1901 год., Илюстрация Илинденъ, III/5 (25), София, 1930, 9.

лија една фамилија, а од сите поробени, братски сојуз, сојуз на социјалистичко општество ..."[2]

Меѓутоа, реалноста во Демирхисарско ги потсекла неговите крила, иако не можела да го задуши неговиот елан и ентузијазам. При своето доаѓање, Русински го затекол Демирхисарско разделено на два револуционерни подреони. Едниот центар се наоѓал во с. Брезово каде раководел учителот Петар Толев, а другиот во с. Бабино со кој раководел Драган Петков. Притоа Русински наишол на мошне лабава организациона мрежа, на несистематско и насилно собирање на пари од селското население, на неуредно внесување на тие средство во окружната каса, како и на бесконтролно трошење на дел од тие средства за издршка на двата четника — Ј. Пиперката и Ѓ.Наумов, како и на селските курири, поради што се јавиле оправдани оплакувања за злоупотреби на тие средства. Н. Петров Русински извршил анкета и притоа констатирал дека само од 12 демирхисарски села доброволно или насилно биле извлечени 370 турски лири, првенствено за набавка на оружје, но ниту една пушка не се нашла во рацете на вложувачите на средствата. Русински истакнува дека пари за оружје биле собирани речиси во сите демирхисарски села, некаде повеќе, некаде помалку, до сумата од 50 т. лири. Сосем е нормално што кај Русински се јавила помислата за проневера на дел од тие средства, за што го известил и Д. Груев при својата мајска средба со него во битолскиот затвор, 1901 година. Меѓутоа, главна тема на нивниот разговор биле неговите конфликти и односи со Ј. Пиперката, поради што Русински за малку ќе дигнел раце од Демирхисарско.[3]

Од 3/16 март 1901 година кога бил известен за неговото назначување од страна на Битолскиот окружен комитет за организатор и војвода во Демирхисарско и Крушевско, поконкретно од неговото заминување во Демирхисарско на 7/20 март истата година, па до неговото преместување во Прилепско на 15/28 август 1901 година,[4] Н. Петров Русински се покажал достоен на доверениот пост пројавувајќи вонредни агитаторско-организаторски и воднички квалитети. Радиусот на дејството на неговата чета ги опфаќал Демирхисарско, Крушевско и Кичевско.[5] Според сведоштвото на самиот Русински, билансот на неговата актива во споменативе реони опфаќал околу 80 организирани, односно реорганизирани села во крилото на МРО.

---

[2] *Н. П. Русински,* Спомени — Преговори за заедничка работа на македонските социјалисти со Битолскиот окружен комитет на Организацијата — Љ. Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, Скопје, 1976, 369.

[3] *Н. Петровъ,* Изъ дневника ми изъ 1901 г., Ил. Илинденъ, IX/4 (84), 1937, 1.3

[4] *Н. Кировъ* Майски, Крушово и борбитѣ му за свобода, София, 1935, 17.

[5] *Д. Димески,* Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893—1903 г.), II зд., Скопје, 1982, 373.

Притоа, Русински вовел нов ред во селската организациона мрежа:

„1. На прво место еднаквост во разбирањата на задачите на револуционерот. Се извади Организацијата од зависноста на учителот и последниот станувале секретар на селските револуционерни организации, а не раководител;

2. Раководител станувале војводата, кој беше одговорен пред Битолскиот окружен револуционерен комитет.

3. За издршка на четниците, куририте, терористите, нивните семејства и сите бедни селани (социјалистичката етика на Русински не затаила, н.б.) создадов реквизициони фондови, чиишто чувари станаа селските раководители и благајници;

4. Селските каси станаа неприкосновени, никој не смееше да располага со сумите без знаењето и одобрувањето на војводата;

5. Воведов воена обука и ги запознав со неа сите членови на Организацијата; и

6. Говорев секогаш за пријателски односи со другите поробени народности, да се стремиме да ги привлечеме на наша страна, така да нашата борба биде општа".[6]

Ваквата реорганизација на Русински била пропратена со неколку забрани: забрана на (претерана, н.б.) употреба на алкохол, забрана на низите и накитот на женската носија, забрана на претерани свадбени пирови со нормиран свадбен расход најмногу до 400 гроша, забрана на судење по турските судови, па дури и разгледување бракоразводни дела по митрополиите. Русински создал „селски судски институт за мали престапи, а највисока судска инстанца беше војводата организатор, заедно со селските судови".[7] Со тоа, организационата чета на чело со нејзиниот раководител прераснала во највисок извршен орган на револуционерната власт во организираните села.

Во своите беседи, во кои покрај ослободителната била присутна економската и социјалната нота, социјалистот Н. Петров Русински за пример ги посочувал бугарските, руските и италијанските револуционери, како и париските комунари.[8] „Јас и мноштвото апостоли како мене го носиме семето на една народна самоуправа, без султан, цар, кнез и на нив слични. Ние сакаме широка слобода за сите родени во таа ропска земја од векови. Ние сакаме да живееме братски со сите народности и затоа ние ги викаме и другите народности да влезат во редовите на борците..." — истакнува социјалистот Русински.[9]

Мошне е значајна декларацијата на Русински (напишана во Крушево) која тој ја презентирал пред своите четници на 3/16 јуни 1901 година во Вранештичката Корија, Кичевско. Во неа ја изне-

---

[6] *Н. Петровъ* Русински, Изъ дневника ми изъ 1901 г., Ил. Илинденъ, IX/4 (84), 12.

[7] *Н. Петровъ*, Страници изъ моя дневникъ за 1901 г., Ил. Илинденъ, III/5 (25), 10—11.

[8] *Н. Петровъ*, Страници изъ моя дневникъ за 1901 г., Ил. Илинденъ, II/10 (20), София, 1929, 15.

[9] *Н. Петровъ*, Ibidem. 16.

сува визијата за слободна и независна Македонија во рамките на Балканската социјалистичка федеративна република.[10] Притоа, меѓу другите, присуствувале: Веле Марков, Ѓурчин Наумов, Илија Колев, Ванчо Србаков и Ѓорѓи Сугарев.[11]

Не помалку е значаен 20-дневниот престој на Н. Петров Русински во Крушево што во соработка со Петре Ацев ги подвргнал на воена обука крушевските организациони групи.[12]

Посебно е значаен пристапот на Русински со кој успеал да ја придобие србоманската чета на Наки Јанев и Арсо Попов и да ја канализира во организационите води во почетокот на јули 1901 година.[13] Притоа Русински истакнал дека „Македонија не е ниту српска, ниту грчка, ниту бугарска, ниту турска...", фрлајќи ја паролата „Македонија на Македонците и федерација на балканските држави..."[14]

Ваквата импозантна револуционерна актива обоена со високите морални и револуционерни квалитети на Русински, најсилно се одразила врз неговите следбеници: идејниот соборец, социјалистот Веле Марков,[15] бившиот битолски петтокласник Илија Колев и на младиот, но прекален револуционер Ѓорѓи Сугарев.[16]

Во неговата чета, меѓу другите се калеле: Јордан Пиперката, Ѓурчин Наумов, Ванчо Србаков, Наки Јанев и Арсо Попов,[17] чии борбени способности и заслуги подоцна ќе дојдат до израз. Така, четничката школа на Русински исфрлила кадри неопходно потребни за разгранување на четничкиот институт во овој дел на Битолскиот револуционерен округ.

Заминувањето на Русински за прилепски околиски војвода на 15/28 август 1901 година било попратено со официјалното промовирање на неговите најталентирани четнички ученици за војводи. Така, Веле Марков бил назначен за војвода на крушевската организациона чета, Јордан Пиперката за војвода на демирхисарската чета, Ванчо Србаков за војвода на организационата чета во Рабетин-коол, Кичевско, Наки Јанев за војвода на чета во Горна Копачка и Арсо Попов за војвода на чета во Долна Копачка, Кичевско.

---

[10] *Cf Никола П. Русински,* Приносъ къмъ историята на ВМОР (градивния периодъ) за времето 1900—1903 г., София, 1936, 13—19.

[11] *Н. П. Русински,* Декларација, ракопис, ФОНД: Н. П. РУСИНСКИ, Архив на Македонија, Скопје, к—I.

[12] *Н. Петровъ,* Изъ дневника ми отъ 1901 г., Ил. Илинденъ, IX/4 (84) 1937, 13.

[13] Поточно: 25. VI/8 јули н. стил 1901 г.

Види: Н. Петровъ, Страници отъ моя дневникъ за 1901 г., Ил. Илинденъ, II/10 (20), София, 1929, 15—16.

[14] Ibidem.

[15] Веле Марков стапил во четата на Русински на 18/29 март н. ст. 1901 г.

Види: *Н. Петровъ,* Страници..., Ил. Илинденъ, III/5 (25), 12.

[16] Во тие критични мигови за МРО во Кичевско, кога нејзините основоположници чмаеле во кичевските и битолските зандани, целиот организационен товар легнал врз грбот на Ѓорѓи Сугарев. По доаѓањето на Н. Петров Русински, Битолскиот окружен комитет му дозволил на Сугарева да стажира во четата на Русински за време на летната ваканција 1901 година.

Види: *Д. Димески,* op. cit., 369.

[17] *Cf. Д. Димески,* op. cit., 374.

Формирањето на петте организациони чети ја крунисува неуморната, самопрегорна револуционерна дејност на Н. Петров Русински во споменатиот релативно краток временски интервал. Самиот факт што во тој релативно кус временски период бил создаден терен и кадар за формирање на пет организациони чети, ја прави маркантна фигурата на социјалистот револуционер Никола Петров Русински.[18]

На 28 август 1901 година Битолскиот окружен комитет го назначил Русински за нов прилепски околиски војвода.[19] Тој дошол на местото на привремениот прилепски војвода, Андреја Димитров (Дедо Андреја).[20] Русински истакнува: „Поради тешката положба во Прилеп и околијата бев испратен да ги испитам партизанските борби во градот".[21] Меѓутоа, ни Русински не успеал да ја премости подвоеноста на прилепското членство на МРО, поради што не можел пошироко да ја разгрне својата организациона дејност. Сепак, според неговите зборови, одржал „собранија" во 24 села, меѓу кои биле и селата: Ореовец, Плетвар, Беловодица, Царевиќ, Тројаци, Топлица, Долнени, Небрегово, Сенокос, Селце, Степанци, Мажучиште, Дрен, Вранче, Присад и Забрчани[22]. Самиот Русински не ја оправдувал политиката на прилепското организационо раководство за неизоставно собирање парични средства од селаните за набавка на оружје, но сепак ја спроведувал таа „наредба" на Прилепскиот к-т.[23]

Самиот Н. Петров Русински е доста самокритичен кога вели дека не може да се пофали со некаква „творечка" револуционерна дејност во Прилепско, бидејќи најголемиот дел од својот престој во овој крај го посветил на гонењето на Булимана.[24] Главната одговорност за ваквата состојба на работите ја сносел Прилепскиот револуционерен комитет. Оттаму резултира сериозното разидување на Русински со Прилепскиот околиски к-т на МРО.

Есента 1901 година Русински со својата чета го придружува Делчева при неговата ревизија на Прилепската револуционерна околија на МРО. Притоа ги посетиле прилепските села: Тројаци, Плетвар, Ореовец, Леништа и Селце. На крајот Делчев го посетил Прилеп, каде извршил ревизија на дејноста на Прилепскиот рево-

---

[18] Ibidem.

*Cf. Тома Къячев,* Македонското освободително движение и социялистическия кръжок на В. Главинов, Сб. 50 год. от Илинденското въстание, София, 1953, 131—132.

[19] *Н. К. Майски,* op. cit., 17.

[20] *Д. Димески,* op. cit., 377—378.

[21] До г-н Претседателя на Народното събрание. — Изложение на Н. П. Русински, София, 30 ноември 1940, ракопис. ФОНД: Н. П. Русински, Архив на Македонија, Скопје, к—I.

[22] *Д. Димески,* op. cit., 378.

[23] Ibidem, 421.

[24] Четата на Н. П. Русински на 14 септември 1901 год. се судрила кај с. Беловодица со османска потера составена од 40 души. Овој прв судир на организациона чета со османските вооружени сили во Прилепско траел 2 часа. Види: Македония и Одринско, Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904, 84.

Cf. Спомени на *Н. П. Русински,* ракопис, Архив на ИНИ, Скопје, сл. IV. 319/IX, 323—324.

луционерен комитет. Притоа пред Делчев бил изнесен акутниот проблем на вооружувањето на Прилепско. Тогаш уследила жалбата на Русински до Делчева во врска со разијдувањето со прилепското раководство. Таа придонела Делчев да ја прифати оставката на Русински на должноста прилепски околиски војвода. Така во ноември 1901 година нагло завршила дејноста на Русински во Прилепско.[25]

Во ноември 1901 година Христо Узунов, секако со знаење и одобрение на Г. Делчев и Д. Груев, издејствувал кај Окружниот комитет во Битола за нов војвода во Охридско-Струшкиот регион да биде назначен Никола Петров Русински, на местото на дисциплирано сменетиот охридски војвода Тале Горанов.[26]

Доаѓањето на Русински на чело на Охридската организациона чета кон крајот на ноември 1901 година[27] благотворно се одразило врз развојот на МРО во Охридско-Струшкиот регион. Неговата активност посебно дошла до израз на планот на масовизирање на движењето и вооружувањето. Нему му припаѓа главната заслуга за функционирањето на т.н. селска милиција,[28] како и за набавката на 1710 пушки.[29]

Во ова време Охридскиот револуционерен комитет широко ги отворил вратите на МРО на сите недоволни елементи, вклучувајќи ги и оние од редовите на Албанците, Турците и Власите. Ваквата политика не само што му конвенирала на Русински, туку претставувала нераскинлив дел на неговата социјалистичка платформа. Оттаму резултираат неговите видни успеси и на тој план.[30]

МРО во Охридско-Струшкиот регион благодарение, првенствено на агитаторско-организаторската дејност на Русински, во 1902 година доживеала вистински полет. Ова особено се однесува на селата во Охридско-Струшкиот регион. Таму организирал, односно реорганизирал, според неговите зборови, 90 села.[31]

Новата поставеност на организационата мрежа, создавањето на револуционерните судови и реквизициони фондови, забрана на ангарија, забрана на носење прекумерен накит, ограничување на времетраењето и трошоците на разни прослави и верски обреди од фамилијарен карактер и нивно сведување во умерени рамки, забрана на пијанчења и блудства, забрзано вооружување, ликвидирање на разбојнички и предавнички елементи, обучување на населението во воени вештини и сл. биле главните значајки на богатата

[25] *Д. Димески,* Македонското национално ослободително движење. . ., 379.

[26] Ibidem, 381.

[27] Поточно на 27 ноември 1901 г. Русински се приклучил кон својата чета во с. Велгошти. Види: *Д. Димески,* op. cit., 382.

[28] *Д. Димески,* Македонското националноослободително движење . . ., 484.

[29] До г-на Претседателя . . ., Изложение на Н. П. Русински, 30. XI. 1940, ракопис, ФОНД: Н. П. Русински, Архив на Македонија, к—I.

Cf. Н. Петровъ Русински, Моята дейностъ въ Битолско поле и въ Морихово, Ил. Илинденъ, 10 (100), 8.

[30] *Д. Димески,* op. cit., 382.

[31] До г-на Претседателя . . ., 30. XI. 1940, ракопис, Архив на Македонија, к—I.

револуционерна актива на Русински во овој револуционерен регион.[32]

Со апсењето на Христо Узунов во почетокот на 1902 година, Русински го загубил својот верен следбеник и соработник. Сепак, во лицето на својот секретар Велјан Илиев (Пенчо), Русински нашол достоен помошник и соработник. Таа нивна плодна соработка престанала во пролетта 1902 година, кога Пенчо, по наредба на Окружниот комитет, ја напуштил охридската организациона чета и се префрлил во Преспанско со цел да ја зајакне тамошната организациона мрежа. Тогаш Русински го назначил Ташко Арсов за секретар на четата.[33]

На 18/31 мај 1902 година четата на Русински го ликвидирала Бецет бег, раководител на Охридскиот турски контрареволуционерен к-т.[34]

Во врска со засилените репресалии на официјалната вилаетска власт кон македонското население, Русински испратил обемно отворено писмо до битолскиот валија Един-паша, во кое на крајот проличува заканата: „Ако пак вие продолжите да ‚умиротворувате' со вашите методи, ние нема да се молиме, а ќе преземеме мерки и ќе натераме Турчин да не се појави по патишта и крстопатишта. Од Горскиот началник во Охридско, кој се наоѓа секаде и никаде".[35]

Русински остро се спротивставил и на непријателската егзархиска политика кон МРО. Уште пред доаѓањето во четата Русински остро интервенирал кај егзархискиот охридски митрополит Методиј против отпуштањето на учители во 14 охридски села.[36] На 18/31 декември 1901 година четата на Русински во с. Мешеишта ги сретнала: ѓаконот Вангел Пленгов, гавазот и слугата на егзархискиот охридски владика Методиј, кои крстареле по селата да собираат владичина. Тогаш Русински мошне остро реагирал: „За да му докажам на митрополитот дека тој зависи од народот, а не народот од него, го запечатив тефтерот на ѓаконот со организациониот печат и му забранив да собира владичина од кое е да било село во охридско-струшкиот револуционерен реон. Ги запознав тројцата митрополитски служители со револуционерното дело, им го напомнав престапот на владиката, кој ги лиши училиштата на 33 села од учители, откако во 14 села ги отпуштил учителите, а во 19 села не назначи такви. Му кажав на ѓаконот да му соопшти на дедо владика дека народот не му должи ништо, друг пат не смее да испраќа свои луѓе по селата, ниту сам тој да излегува по било каква работа, без наше одобрение"[37]. Секако, ваквата енергична постапка на Русински длабоко го засегнала посо-

---

[32] *Д. Димески,* Македонското националноослободително движење..., 430.

[33] Спомени на Т. Арсов, ракопис. Архив на ИНИ, Скопје, 6.

[34] *Д. Димески,* op. cit., 431.

[35] Ibidem.

[36] Види: *Н. Петров Русински,* Революционни борби в Охридско-Струшкия район, ракопис..., 3—15.

Cf. Д. Димески, op. cit., 381—382.

[37] *Н. П. Русински,* Революциони борби..., ракопис, 17.

чениот егзархиски великодостојник, а посебно, интересите на Охридската егзархиска митрополија.

Од друга страна, Охридскиот околиски комитет на МРО ѝ наметнал на Митрополијата т.н. Устав по црковните обреди. Споменатиов устав изработен кон крајот на мај и почетокот на јуни 1902 година содржи 32 члена распределени во 11 глави. Познат е само фрагментарно. Сочувани се од 14—32 член, односно 7—11 поглавје. Во него доминираат разни ограничувања и забрани согласно зацртаната политика на МРО, во врска со даровите на невестата, нејзиниот мираз, првичето, облеклото и накитите, погребот и задушницата[38]. Зад ваквата рестриктивна политика на Охридскиот комитет на МРО секако стоел и Н. Петров Русински[39].

Во доба на Русински, организационата мрежа во градовите Охрид и Струга била одлично поставена. Посебно треба да се истакне дејноста на женските групи во споменатите градови[40]. Секако, за тоа дел од заслугата му припаѓа и на Никола Петров Русински.

Во јуни 1902 година Русински ја раздели својата чета на три дела. Дејан Димитров со 9 души бил определен за Дебарца, Тасе Христов со 9 души за Малесија, а Русински останал во „Ортакол, езерските села и струшкото поле, до 40 села“[41]. Наскоро била формирана и четврта чета под раководството на Цветко Стојанов која крстарела низ Дримколот[42].

Кон крајот на 1902 година, непосредно пред заминувањето на Русински, „Охридската револуционерна околија се раздели на десет реони, со главен центар Охрид и потцентар, гр. Струга.

1. Првиот реон со псевдоним ‚Горни Кукуруз', со центар с. Лактиње;

2. Вториот реон со псевдоним ‚Средни Кукуруз', со центар с. Оздолени;

3. Третиот реон со псевдоним ‚Долни Кукуруз', со центар с. Лешани;

4. Четвртиот реон со псевдоним ‚Јужни Кукуруз', со центар с. Сирула, после Куратица;

5. Петти реон со псевдоним ‚Тирана', со центар с. Мешеишта;

6. Шести реон со псевдоним ‚Буковски', со центар с. Опејца;

7. Седми реон со псевдоним ‚Шкодра', со центар с. Велгошти;

8. Осми реон со псевдоним ‚Езерски', со центар с. Којнско;

9. Деветти реон Струшкиот со псевдоним ‚Дримкол', со центар с. Вевчани и;

---

[38] Архив на Македонија, Скопје. ФОНД: Поединечни документи на ВМРО, к-I.

[39] Впрочем, за тоа најдобро сведочи активноста на Русински во оваа смисла во демирхисарските села.

[40] *Д. Димески*, op. cit., 434.

[41] Ibidem, 432.

[42] Idem.

10. Десетти реон Малесија, по левиот брег на реката Дрим од дебарската околија и Дебарско, со центар с. Присовјани"[43].

Во мај 1902 година почнале ровареља во четата на Русински предизвикани од членот на Охридскиот револуционерен комитет Наум Златарев (Ханибал) преку неговите анонимни писма и дејствувањето на неговиот инструмент, поп Христо од Велгошти. Се чини дека Златарев бил антагонистички расположен кон Русински поради неговото социјалистичко убедување. Работата дошла дотаму што дури бил загрозен и животот на Русински. Поради тоа, Русински кон крајот на ноември се повлекол во градот Охрид. Таму, на 14/27 ноември во куќата на Евтим Бојациев се состанал со претставниците на Охридскиот револуционерен комитет, Кецкаров, Чакаров и Цветинов, при што подробно ги информирал за четничкиот заговор. Следната ноќ, на 15/28 ноември 1902 година, 8 четници заговорници влегле во Охрид, но по два дена, по острото реагирање и барање на група граѓани веднаш да го напуштат градот, се исплашиле и заминале од Охрид[44].

Русински останал во Охрид речиси цел месец, очекувајќи разрешница од Битолскиот окружен комитет од должноста „организатор и раководител на нелегалните сили во охридско-струшкиот реон".[45] Во меѓувреме, Охридскиот револуционерен комитет на чело со Кецкаров настојувал да го убеди Русински да остане во Охрид и оттаму да раководи со „нелегалните сили на Организацијата", но без успех. Конечно, на 7/20 декември 1902 година, следниот ден по верскиот празник Св. Никола, Русински го напуштил Охрид и заминал во Битола.[46] Така неславно завршила неговата вонредно плодна организаторска дејност во Охридско-струшкиот регион.

Кон крајот на 1902 г., по заминувањето на Русински според Кецкаров, „сите нелегални четници ги расподеливме на пет групи во пет чети: На првата чета војвода ѝ беше Смиле Војданов (со радиус на дејство) во I, II и III реон; на втората чета војвода ѝ беше Дејан Димитров, во IV и V реон; на третата чета војвода беше поп Христо од Велгошти, во реоните VI, VII и VIII; на четвртата чета раководител беше Лука Групчев, во IX реон. Под негово раководство беа војводите: Марко Павлов и Цветко Стојанов; на петтата чета војвода ѝ беше Тасе Христов, во X реон, во Малесија. Една одделна чета под раководството на учителот Аргир Маринов имаше налог да го следи движењето по патот Охрид — Ресен, до арнаутското село Буково".[47] Меѓутоа, дури ни ваквата реорганизација на оружените сили во Охридско-струшкиот регион не можела ни оддалеку да ја надокнади евидентната празнина што се почувствувала со заминувањето на Русински. Оттаму резултира молбата на Ох-

---

[43] *Антонъ Кецкаровъ*, Четническото движение въ Охридско, Ил. Илинденъ, VIII/2 (72), София, 1936, 10.

[44] *Д. Димески*, Македонското националноослободително движење ..., 432—3.

[45] Ibidem, 433.

[46] Idem.

[47] *Ан. Кецкаровъ*, Idem, 10.

ридскиот к-т упатена до Битолскиот окружен комитет на испраќање на некој новодојден офицер за инструктор и раководител на охридските чети, која всушност останала неисполнета.[48]

На 9/22 декември 1922 година Русински бил номиниран од Битолскиот окружен комитет за војвода на организационата чета во Битолско Поле и Мариово. Раководството на четата го презел на 12/25 декември 1902 година.[49]

И покрај студот, зимските снежни намети и опасноста од судир со турските потери, особено во рамничарските села, Русински со својата чета целосно се посветил на агитаторско-организаторската дејност. И овојпат Русински вложил вонредни напори за масовизирање на движењето, првенствено, преку масовно посветување во делото. Организирал револуционерни комитети, селска милиција, создавал реквизициони фондови.[50]

Својата агитација ја започнал во битолското село Карамани. Во текот на зимата 1903 година ги посетил и организирал собранија во повеќе битолски и мариовски села (од битолскиот дел на Мариово), меѓу кои и во селата: Кукуречани, Логоварди, Новаци, Мојно, Црничани, Брник, Маково, Рапеш, Клепач, Добрушево, Могила, Паралово, Мегленци, Ношпал, Ивени, Петалино, Скочивир и Груништа.[51]

Притоа, мошне ефектно ги распрснувал патријаршиските и егзархиски страсти и го обединувал населението под скиптарот на МРО. Така, во една своја проповед во с. Брод, меѓу другото, истакнал: „Вие се делите на две непријателски струи: егзархисти и патријаршисти, но ниту егзархот ниту патријархот нема да ви помогнат да излезете од сиромаштијата“.[52] Во селото Скочивир назначил двајца селски војводи: Петко Стојанов (егзархист) и Петко Николов (патријаршист), со цел да го елиминира нивното ривалство и поцелосно ги ангажира за ослободителната кауза[53].

Во овој период Русински пристапил кон масовно зачленување на жени во МРО. „Без учество на жената во револуционерната борба е незамислена, недостижна слободата“ — проповедал социјалистот Русински.[54]

---

[48] *Ан. Кецкаров*, Четническото движение . . . , 10.

[49] *Н. Петров* Русински, Моята дейност в Битолско поле и в Морихово, сб. 50 год. от Илинденското въстание, София, 1953, 105.

[50] Така на пр. Русински за реквизициониот фонд во с. Скочивир запишал „230 глави овци и кози, 6 говеда и 1200 оки жито“. Потребно е да напоменеме дека с. Скочивир тогаш имало 60 куќи со 350 жители.

Види: *Н. Петров Русински*, Моята дейност . . . , сб. 50 год. от Илинденското въстание, София, 1953, 109.

[51] Cf. Н. П. Русински:

— Моята дейность въ Битолско поле и въ Морихово, Ил. Илиндень, кн. 8 (98);

— Моята дейность . . . , 9 (99), 9—12;

— Моята дейность . . . , Ил. Илиндень, кн. 10 (100), 7—12;

— Моята дейность . . . , сб. 50 год. от Илинденското въстание, София 1953, 105—110.

[52] *Н. П. Русински*, Моята дейност в Битолско поле и въ Морихово, сб. 50 год. от Илинденското въстание, София, 1953, 110.

[53] Ibidem, 109.

[54] Idem, 110.

Ваквата интензивна дејност во суровите зимски услови се одразила на здравјето на Русински. На 28 ф./13 март Русински на патот за Паралово добил симптоми на пневмонија со силно крвавење. Во Паралово Русински паднал во колапс. На 1/14 март бил префрлен во Битола во приватната амбуланта на лекарот Ставре Налевчев, кој иако гркоман, многу хумано се однесол кон Русински и го излечил од тешката пневмонија, која лесно можела да доведе до фатален завршеток[55].

По десетдневното мошне тешко боледување Русински почнал да закрепнува. Во Битола се задржал уште три недели кои мошне рационално ги искористил бидејќи, по желба на Битолскиот околиски комитет, придонел градските началници на групите на МРО да се запознаат со најважните воени вештини.[56]

Сосем накратко, на 14/27 април се вратил во четата, а веќе по два дена, на 16/29 април заминал за Смилево на знаменитиот Смилевски конгрес.[57]

Двегодишната предилинденска актива на Никола Петров Русински е достојна за респект. Во сопствен стил, со голема умешност и тактичност, ја раскрилил својата снажна револуционерна дејност ширум Битолскиот револуционерен округ.

Меѓутоа, и покрај неговите евидентни високи квалитети, Русински бил запоставен од страна на Битолскиот окружен комитет, пред сè, поради неговиот социјалистички светоглед. Затоа, граѓанските елементи во Окружниот комитет го држеле на дистанција и го претпочитале Марко Лерински, па таму ги праќале на стажирање поинтелигентните сили како Лечо Настев, Методија Патчев, Славко Арсов, Рампо Пешков, Христо Силјанов. Ни членувањето на Иван Дренски во Окружниот комитет, па ни подоцнежното секретарство на социјалистички настроениот Ѓорѓи Сугарев не можеше да го изменат таквиот став на Окружниот комитет. Самиот Русински истакнува: „Само во првите два реона јас имав интелигентни: еден ученик од V клас Илија Колев, Ѓорѓи Сугарев и Веле Марков. Оттогаш натаму немаше со кого да се советувам."[58] Покрај тоа треба да се истакне и неколкумесечното секретарување на Велјан Илиев Пенчо во четата на Русински во Охридско-Струшкиот регион, како и краткотрајното стажирање на Христо Узунов.

---

[55] *Н. П. Русински*, Моята дейность въ Битолско поле и въ Морихово, Ил. Илинденъ, кн. 9 (99), 11.

[56] Ibidem.

[57] Поточно, тргнал во четата на 12/25 април н. стил 1903 г., ѝ се придружил на 14/27 април во с. Брод. На 15/28 април добил шифрирана порака од Битолскиот окружен комитет со следниов текст: „Тргни веднаш со уште еден четник за Чикаго (Смилево). Твоето присуство е неопходно". На Смилевскиот конгрес заминал на 16/29 април н. стил 1903 год. заедно со леринските раководители.

Види:

*Н. П. Русински*, Моята дейностъ въ Битолско поле и въ Морихово, Ил. Илинденъ, 9 (99) . . . , 11; 10 (100), 7—8.

[58] Предговор на спомените на Русински, ракопис, Архив на Македонија, Фонд: Н. П. Русински, к—I.

Неговите тогашни и подоцнежни идејни противници ќе го запостават Русински и во историографски поглед. Така, на пр. Силјанов го глорифицира Марко Лерински, а тенденциозно ја запоставува улогата на Никола Петров Русински. Идејно оддалечен од Русински, Силјанов оди во таа крајност што ја премолчува дејноста на Русински во Охридско-Струшкиот регион. Иритиран од таквата бескурпулозна постапка на Силјанов, Русински во предговорот на својот необјавен труд: „Револуционерните борби во Охридско-Струшкиот реон" меѓу другото, истакнува: „Овој труд го поднесувам на поколенијата, за да се види како може да се фалсифицира вистината".[59]

Бившиот раководител на Битолскиот окружен комитет, Ѓорѓи Поп Христов, слично на Силјанова, ја глорифицира четничката школа на Марко Лерински како вистински расадник на кадри. Притоа истакнува: „Во тој однос за Битолскиот револуционерен округ најмногу услужи Марковата чета во Леринско, која беше пример во секој поглед, а делумно четата на Никола Петров (Атила)."[60] Меѓутоа, обична компарација на придонесот на Марко Лерински и на Русински за изградувањето на четничкиот институт во Округот покажува дека приматот му припаѓа на Русински, а не на М. Лерински, како што тврдат Силјанов и Ѓ. Поп Христов, што укажува на нивната намера да ја фризираат историјата. Во врска со изградувањето на четничкиот институт во Битолскиот револуционерен округ четири елементи му даваат предност на Русински пред Марко Лерински. На прво место доаѓа неговата идејна социјалистичка насоченост, потоа поширокиот радиус на неговата дејност, па подолгиот временски интервал на дејноста, и најпосле, побројниот четнички кадар што се искалил во четничка школа на Русински, а аналогно на тоа и побројниот војводски кадар што излегол од неа.[62]

Двегодишната предилинденска револуционерна дејност на социјалистот Никола Петров Русински во Битолскиот округ на МРО ги потенцира неговите вонредни заслуги за изградба на четничкиот институт, за масовизирање и демократизација на македонското националноослободително движење во овој мошне релевантен дел на Македонија. Неговите светли траги силно ќе се рефлектираат во Илинденското востание и Крушевската република. Оттаму резултира и крупниот придонес на Русински во споменатиот период за македонската националноослободителна борба, за социјалистичката ориентација, за нашево современие.

---

[59] *Н. Петров Русински*, По пъта на истината. — Революционни борби в Охридско-Струшкия район, ракопис, Под редакцијата на Ст. Аврамов, Архив на ИНИ, Скопје, сл. IV, 319, 67—69.

[60] *Георги П. Христов*, Как се създадоха първите революционни чети в Битолския окръг, сб. 50 год. от Илинденското въстание, София, 1953, 89.

[61] Самиот Русински истакнува: „За време на мојата тригодишна војводска дејност организирав во Битолско 7 околии..., подготвив со воени познанија 200 четници и 22 војводи...".

Cf. М. Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893—1903), II изд., Скопје, 1982 год., 414.

*DIMITAR DIMESKI*

# NIKOLA PETROV RUSINSKI'S CONTRIBUTIONS IN THE BITOLA'S REVOLUTIONARY AREA (1901—1903)

SUMMARY

The personality of Nikola Petrof Rusinski strongly shined in the beguinning of the XXth century in the Macedonian national and revolutionary movement. Two great events are inseparably connected about the name of Nikola Petrov Rusinski in the Bitola area of the Macedonian Revolutionary Organization. It is about the incorporation of the Macedonian socialist group of Nikola Petrov Rusinski and Vele Markov in MRO and about the spreading out of the Chetniks institute in the second district of the Macedonian Revolutionary Organization.

Beside the other factors which contribute for breaking the dilema of the cities elements in the Bitola ditstrict committee and for inclusion of the mentioned macedonian socialistic group in the Macedonian Revolutionary Organization, the personality of Nikola Petrov Rusinski had an important influence too.

The two yearly beforeilinden revolutionary activity of the socialist Nikola Petrov Rusinski in the Bitola area of MRO stressed his extraordinary merits for building up the Chetniks institute for massiveness and democratization of the Macedonian nacional and revolutionary movement in this very relevant part of Macedonia. His britht steps will reflect themselves in the Ilinden uprising and in the Kruševos republic.

From here results Nikola Petrov Rusinski's great contribution in the mentioned period for the Macedonian national and liberatory war, for a socialist orientation, for our present times.